Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# е-АУКЦИИ

ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ И НЕДВИЖНОСТИ

**e-aukcii.ujp.gov.mk**



**Инфо центар 0800 33 000**
**е-Пошта info@ujp.gov.mk**
**www.ujp.gov.mk**

е-Аукции е специјализиран портал на Управата за јавни приходи преку кој секој граѓанин или фирма може да учествува во продажбата на достапните аукциски производи (движни предмети и недвижности). Електронските аукции се одржуваат најмалку еднаш месечно, а за аукциските производи можете да се информирате преку преку огласите кои се објавуваат на www.ujp.gov.mk и на e-aukcii.ujp.gov.mk

**Како да се регистрирате за да учествувате на е-Аукции?**
За да добиете статус на корисник на http://e-aukcii.ujp.gov.mk потребно е да направите свој кориснички профил на порталот.

**Пријавете се на аукцијата која ве интересера!**
Порталот е-Аукции ви овозможува да вршите on-line разгледување на предметите и недвижностите кои се нудат на продажба (возила, опрема, станбен и деловен простор и сл.) и пријавување за учество на аукцијата за конкретниот предмет кој ве интересира.

**Колку изнесува депозитот за учество?**
За да учествувате на е-аукцијата за која сте се пријавиле потребно е да уплатите депозит во износ од 10% од утврдената проценета вредност на предметот на продажба.

**Изборете се за вашиот предмет!**
Процесот на наддавање претставува натпревар помеѓу повеќе наддавачи кои сакаат да го купат истиот предмет. Со понудување на највисока цена станувате и потенцијален купувач на предметот од аукцијата.

**Како да ги подигнете купените предмети?**
По завршувањето на аукцијата, доколку вие сте наддавачот со највисока понудена цена, и доколку таа цена е одобрена и прифатлива, вие сте новиот сопственик на предметот. Управата за јавни приходи ќе ве контактира и ке ве извести како да го подигнете предметот кој сте го купиле на аукцијата преку вашата е-пошта која е оставена при вашата регистрација.

*Твој данок, твоја иднина!*